РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2016 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура ....10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .... 11

Буџетски расходи ....12

Буџетско салдо ....13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....13

Плати ....14

Пензии ....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....16

Депозитен потенцијал ....16

Кредити на банките ....17

Каматни стапки на депозитни банки ....17

Пазар на капитал .... 18

Девизни резерви ....18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2016 година

- Индустриското производство во ноември 2016 година во споредба со ноември 2015 година забележа пад од 4,9%;

- Потрошувачките цени во ноември 2016 година се намалија за 0,2% во однос на ноември 2015 година, по годишниот раст на цените од 0,2% во октомври 2016 година;

- Во периодот јануари- ноември 2016 година извозот забележа раст од 5,4%, а увозот од 5,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 4,5%, споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2016 година изнесуваа 153.670 милион денари, што претставува поголемо остварување за 5,7% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 167.299 милиони денари, што е за 3,6% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 1,3% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 4,4%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во ноември 2016 година индустриското производство забележа пад од 4,9% во споредба со ноември 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 21,6%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија е забележан пад од 16,8% односно 5,7%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во ноември 2016 година има гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (2,0 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на пијалаци (-1,8 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари - ноември 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 3,4%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 5,6%, додека пад има кај секторите Рударство и вадење камен од 8,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,2%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во ноември 2016 во однос на ноември 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Енергија од 8,5%, Капитални производи од 4,0% и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,3%. Намалување на производството е забележано кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 7,5%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - ноември 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите Капитални производи од 29,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 26,1%. Пад е забележан кај

групите: Енергија од 5,2%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,5%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во ноември 2016 година забележа пад од 0,9%. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,3%. Во секторите Рударство и вадење камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан раст од 3,4% односно 0,5%.




На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - ноември 2016 година во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 0,2%. Раст е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 1,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,0%, додека бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија е непроменет.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 5,1%, Капитални производи од 4,2% и Енергија од 3,0%. Пад е забележан кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,9%.

На кумулативна основа, во првите единаесет месеци од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 10,5%, Енергија од 2,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 2,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,9%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2016 година е поповолна во однос на претходниот месец, а многу поповолна во однос на ноември 2015 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември изнесува 66,1%, што претставува зголемување во однос на октомври 2016 година, кога изнесувало 65,8%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,0 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 23,3%, недоволната домашна побарувачка со 21,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,2%, неизвесното економско окружување со 12,3%, финансиските проблеми со 9,2% и конкурентниот увоз со 5,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември во однос на претходниот месец е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци во однос на октомври 2016 година, додека залихите на готови производи се речиси на еднакво ниво како и во претходниот месец.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2016 година издадени се 363 одобренија за градење, што претставува зголемување од 14,2% споредено со ноември 2015 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 291 одобрение за градење, бројот на издадени одобренија за градење се зголемил за 24,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2016 година бележи раст од 0,8% во однос на истиот месец од 2015 година. На месечна основа, вредноста на објектите се зголемила за 113,5%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 219 (или 60,3%) се наменети за објекти од високоградба, 54 (или 14,9%) за објекти од нискоградба и 90 (или 24,8%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 363 издадени одобренија за градба, на 239 објекти (или 65,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 124 објекти (или 34,2%) инвеститори се деловни субјекти.




Во ноември 2016 година предвидена е изградба на 985 станови, со вкупна корисна површина од 86.342 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на октомври 2016 година е зголемен за 45,9%, а на годишна основа за 82,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2016 година се намалија за 0,2% во однос на ноември 2015 година, по годишниот раст на цените од 0,2% во октомври 2016 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-ноември 2016 година изнесува -0,2%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во ноември забележа годишен пад на цените од 1,5%, при што најголем пад имаа цените на овошјето (7,2%) и на маслото и маснотиите (5%).

Годишен пад на цените во ноември е регистриран и во категориите: Здравје од 1,4%, Рекреација и култура од 0,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%, Образование од 0,2% и Останати стоки и услуги од 2%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5%, следена со порастот на цените во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,6%, Ресторани и хотели од 1,6%, Комуникации од 1,3%, Облека и обувки од 1,1% и Транспорт од 0,7%.




Потрошувачките цени во ноември 2016 година се намалија за 0,2% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7%, Рекреација и култура од 0,5% и Транспорт и Останати стоки и услуги од по 0,2%.

Зголемување на цените е забележано во категориите: Ресторани и хотели од 0,4%, Облека и обувки од 0,3% и Здравје и Комуникации од по 0,2%.

Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Домување, вода, електрика, гас и други горива, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во ноември 2016 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,2%, додека споредено со претходниот месец цените на мало се намалија за 0,2%. Цените на мало во периодот јануари - ноември 2016 година се пониски за 0,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2016 година споредено со претходниот месец забележа пад од 6,6% и изнесуваше 46,4 долари за барел. На годишна основа, цената на нафтата порасна за 4,5%. Цената на природниот гас во ноември во однос на октомври 2016 година се намали за 4,1%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во ноември 2016 година се тргуваше со просечна цена од 11.129 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечна основа бележи раст на цената од 8,5%. Во споредба со истиот месец претходната година, цената на никелот се зголемила за 20,4%. Во ноември, месечен раст на цената се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на бакарот се зголеми за 15,2%, на цинкот за 11,0%, на оловото за 7,7%, на калајот за 5,1% и на алуминиумот за 4,3%.



Во ноември, благородните метали забележаа месечен пад на цените. Така, цената на златото се намалила за 2,2%, на среброто за 1,4% и на платината за 0,4%.

Цената на пченицата на светските берзи во ноември, споредено со октомври 2016 година се намали за 0,9%, а на пченката за 0,3%. Цената на јагнешкото месо во ноември споредено со претходниот месец се зголеми за 4,5%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите единаесет месеци од 2016 година изнесува 9.438,8 милиони евра, што претставува раст од 5,3% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – ноември 2016 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 69,8%, што претставува зголемување од 1,3 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - ноември 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 3.927,5 милиони евра и бележи раст од 5,4% (202,1 милион евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 5,3%.




Вредноста на извезените стоки во ноември 2016 година изнесува 351,6 милиони евра и бележи пад од 2,3% (8,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 16,9%.

Анализирано на месечно ниво, извозот во ноември 2016 година бележи пад од 9,3% (36,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 5,5%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,7% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – ноември 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 9,7% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 4,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,2% и 12,3% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – ноември 2016 година изнесува 5.511,3 милиони евра и бележи раст од 5,2% (270,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,3%.




Вредноста на увозот во ноември 2016 година изнесува 523,2 милиона евра, што претставува раст од 0,3% (1,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 20,5%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во ноември 2016 година бележи пад од 2% (10,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 3,2%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2015 | I - XI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 59,0 | 93,9 | 34,9 | 59,2 |
| Мил. ЕУР | 31,7 | 34,0 | 2,3 | 7,2 |
| Мил.$ | 35,2 | 37,8 | 2,6 | 7,5 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2015 | I - XI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 848,1 | 955,7 | 107,7 | 12,7 |
| Мил. ЕУР | 383,0 | 338,2 | -44,9 | -11,7 |
| Мил.$ | 425,3 | 375,8 | -49,5 | -11,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2015 | I - XI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 14,5 | 15,0 | 0,5 | 3,7 |
| Мил. ЕУР | 710,8 | 809,8 | 99,0 | 13,9 |
| Мил.$ | 788,7 | 899,9 | 111,2 | 14,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2015 | I - XI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 28,6 | 28,2 | -0,4 | -1,4 |
| Мил. ЕУР | 113,8 | 151,5 | 37,7 | 33,2 |
| Мил.$ | 126,2 | 168,6 | 42,4 | 33,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2015 | I - XI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 541,2 | 581,9 | 40,6 | 7,5 |
| Мил. ЕУР | 492,3 | 367,0 | -125,2 | -25,4 |
| Мил.$ | 545,3 | 408,0 | -137,3 | -25,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2015 | I - XI - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 591,5 | 720,9 | 129,4 | 21,9 |
| Мил. ЕУР | 271,0 | 286,0 | 15,1 | 5,6 |
| Мил.$ | 300,0 | 318,1 | 18,1 | 6,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите единаесет месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 4,5% односно 68,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во ноември 2016 година трговскиот дефицит се зголеми за 6,2% односно 10 милиони евра споредено со ноември минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – ноември 2016 година 86,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, САД, Унгарија, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и БиХ.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 86,6% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 4,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 82,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во

извозот е зголемена за 4,8 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 4,3 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - XI - 2015 | | | | | I - XI - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.215,4 | 4.075.219.003 | 61,6051 | 251.054.274.191 | 77,8 | 4.060,2 | 4.524.196.137 | 61,6054 | 278.714.912.719 | 82,1 | 448.977.135 | 11,0 |
| УСД | 2.431,1 | 1.220.165.840 | 55,3847 | 67.578.519.005 | 20,9 | 1.396,8 | 1.039.300.321 | 55,4379 | 57.616.627.279 | 17,0 | -180.865.519 | -14,8 |
| ГБП | 6,0 | 18.991.549 | 84,8448 | 1.611.334.189 | 0,5 | 5,2 | 17.934.643 | 75,7291 | 1.358.174.347 | 0,4 | -1.056.907 | -5,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.652,5 | | | 320.244.127.386 | 98,7 | 5.462,3 | | | 337.689.714.345 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 5.662,9 | | | 322.862.339.962 | 100,0 | 5.475,1 | | | 339.520.437.527 | 100,0 | | 5,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2016 година изнесуваа 153.670 милиони денари, односно 26,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,7% во однос на истиот единаесетмесечен период од 2015 година.

Даночните приходи во периодот јануари - ноември се реализирани во износ од 90.079 милиони денари, односно 15,5% од БДП и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 7,8%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 42.850 милиони денари и забележа зголемување од 10,7% во однос на истиот период од 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 47,6%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 6,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 8,3%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележува помало остварување за 87,7%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 12.347 милиони денари и забележуваат раст од 11,3% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,4% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,1% од приходи од капитал, 6,2% од приходи по основ на договор на дело, 3,4% од приходи од имот и имотни права и 2,1% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од

данокот од добивка во овој единаесетмесечен период за 2016 година изнесуваа 9.719 милиони денари и забележаа намалување од 12,2% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 20.320 милиони денари (учество од 22,6% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 11,7% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 4.326 милиони денари и забележаа зголемување за 10,5%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 517 милиони денари забележаа помало остварување за 10,2% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 45.135 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,8% споредено со истиот период од 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 4,9% и кај придонесите за вработување за 5,3%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 11.733 милиони денари и во однос на истиот единаесетмесечен период во 2015 година забележаа помало остварување за 1,3% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.885 милиони денари, што претставува помало остварување за 10,3% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.037 милиони денари, односно се зголемија за 2,9% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2016 година изнесуваа 167.299 милиони денари, односно 28,9% од БДП, што е за 3,6% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 153.382 милиона денари учествуваа со 91,7% и се зголемени за 4,7% во однос на истиот период 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 23.746 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,2% и во однос на 2015 година се зголемени за 5,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 14.456 милиони денари и споредено со истиот период 2015 година забележаа намалување од 7,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 108.724 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа

зголемување од 5,9% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 65,0% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 81.312 милиона денари, забележаа раст од 6,9% и учествуваа со 48,6% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 49.764 милиони денари, се зголемија за 8,1% споредено со истиот единаесетмесечен период од 2015 година и учествуваат со 29,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,6%, односно забележаа зголемување од 3,5% споредено со истиот период во 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.558 милиони денари забележаа зголемување од 1,5%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите со учество од 6,5% во вкупните расходи беа остварени за 5,4% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 6.456 милиони денари, што е зголемување од 15,7% во споредба со истиот период лани. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 6,1%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 33,0% во споредба со истиот период 2015 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 13.917 милиони денари со структурно учество од 8,3% во вкупните расходи (2,4% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 7,8% во споредба со истиот период лани.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2016 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 13.629 милиони денари, што претставува 2,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 12.214 милиони денари што претставува 2,1% од БДП.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ




Во периодот јануари – ноември 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 169.074 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е

понизок за 2,2% во однос на истиот период од 2015 година.

Од вкупниот број нововработени, 45,3% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во ноември 2016 година 22,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 200.299, од кои 104.453 се активни баратели на работа, а 95.846 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,2%.




Најголем дел од невработените лица (67,3%) се градско население, а според половата структура 58,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,3% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,0% се со завршено средно образование, додека 14,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати




Просечната номинална нето-плата во октомври 2016 година оствари годишен раст од 1,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (6,5%), Административни и помошни услужни дејности (5,8%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (5,7%). Реалните плати во октомври забележаа годишен раст од 0,9%.

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2016 година оствари годишен раст од 1,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (7,5%), Административни и помошни услужни дејности (5,8%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (5,6%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,1%.




Процентот на вработени што не примиле плата во октомври 2016 година изнесува 1,1% и е за 0,1 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, како и во однос на септември 2016 година.

## Пензии

Во ноември 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 304.027 пензионери, што претставува зголемување од 1,4% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 390 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,2% се корисници на старосна пензија, 25,1% се корисници на семејна пензија и 12,6% се корисници на инвалидска пензија.




Просечната пензија во ноември 2016 година изнесува 13.708 денари и е за 5,0% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,3%.

Просечната старосна пензија во ноември изнесува 15.043 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.427 денари, а просечната семејна пензија 11.047 денари. За исплата на пензиите во ноември 2016 година се потрошени 3.908,73 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во ноември 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на ниво од 4,0%, откако во мај 2016 година истата ја зголеми за 0,75 п.п. како резултат на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во ноември 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 3,9% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 6,8% и 1,1%, соодветно.




На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 2,6%, при пад на готовите пари во оптек од 0,9%, а вкупните ликвидни средства на банките се намалија за 4,4%.

## Депозитен потенцијал

Во ноември 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 3,1%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,5%.

Од аспект на валутата, во ноември 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и странска валута се зголемија за 1,3% и 1,1%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2016 година оствари раст од 4,4% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и странска валута забележаа раст од 2,6% и 7%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 1,8% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 10,7%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 1,7%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 4,8%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58%.

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2016 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **309505** | **1,2%** | **4,4%** |
| Денари | *179632* | 1,3% | 2,6% |
| Странска валута | *129874* | 1,1% | 7% |
| Краткорочни | *149638* | 1,4% | 1,7% |
| Долгорочни | *85014* | 1% | 4,8% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **274629** | **0,2%** | **1,3%** |
| Денари | *225513* | *0,4%* | 4,1% |
| Странска валута | *49115* | -0,8% | -9,5% |
| Краткорочни | *60515* | 0,3% | -1,2% |
| Долгорочни | *193273* | 0,6% | 9,5% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *19330* | 0,7% | -35,5% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во ноември 2016 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во ноември кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во ноември 2016 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,4%, а девизните кредити се намалија за 0,8%.

На годишна основа, во ноември 2016 година вкупните кредити се зголемија за 1,3%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 3,4% и раст на кредитите кон домаќинствата од 7,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 9,5%.




Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,5%, а краткорочните кредити се намалија за 1,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,2% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на

денарските и девизните кредити останаа непроменети на месечно ниво и изнесуваат 6,5% и 5,3%, соодветно.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 2,5% и 1%, соодветно.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 61,6% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 43,9%, како и зголемувањето на прометот од блок трансакции за 78,1%.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2016 година изнесуваше 439 милиони денари што претставува зголемување од 23,1% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во ноември 2016 година изнесуваше 2.206,82 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 6,2%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 24,9%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2016 година изнесуваа 2.551,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 177,6 милиони евра, додека во однос на ноември 2015 година се зголемени за 348 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk